

Во рамките на втората фаза од манифестацијата “Топол културен бран 2014” организирана и финансирана од Општина Неготино и Министерството за култура, во петок 22 август во 20 часот во изложбениот простор на Музејот на град Неготино ќе биде отворена изложбата “Етно приказни” на акдемскиот сликар Драган Хаџи Николов - Аџи од Гевгелија. Ќе бидат изложени 30-тина дела масло на платно создавани неколку години од страна на авторот, при што во делата на Хаџи-Николов доминира мртвата природа со етномотиви, предмети кои во минатото имале употреблива вредност, а сега претставуваат артефакти. Инаку досега, авторот има остварено триесеттина самостојни изложби во земјава и странство, а учествувал и на повеќе групни изложби и колонии.
Во рамките на манифестацијата “Топол културен бран 2014” во месец август ќе бидат реализирани уште три културни настани со кои ќе биде заокружено овогодинешното издание:
- од 25 до 29 август, во кино салата на НУЦК “Ацо Ѓорчев” љубителите на филмот од нашата општина ќе имаат можност да проследат Ревија на пет македонски играни филмови;
- на 27 август, со почеток од 12 часот во градската библиотека во Неготино ќе биде отворена изложбата “Ѕвезди на светската книжевност“ проследена со петско читање и литературен перформанс;
- на 31 август, со почеток од 20.30 часот на градскиот плоштад, ќе се одржи Ликовен хепенинг во организација на галерија АРТ-М од Неготино.
Инаку претходно, во рамките на првата фаза од манифестацијата, љубителите на театарот од Неготино имаа можност да ја проследат урнебесната комедија “Жена ми се вика Борис” во изведба на театарот од Демир Капија.

